**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
Одделение за урбанизам, архитектура,
градежништво и заштита на животната средина
**Бр.11-340/3**
**29.05.2024 год.**
**Гевгелија**

Градоначалникот на општина Гевгелија врз основа на член 44 став 7 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23) ја издава следната

**П О Т В Р Д А**
**за заверка на одобрена проектна програма**

Се одобрува Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури (велосипедска патека) од с.Серменин до локалитет Св.Илија КО Серменин, општина Гевгелија.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Барателот Општина Гевгелија преку полномошник ДТИ ,,ДОМИНГ ЈТД,, од Радовиш во електронскиот систем е-урбанизам (постапка бр.61074) поднесе барање за одобрување на Проектна програма заведено под арх.бр.11-340/1 од 28.05.2024год., за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за уредување на земјиште со намена Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури (велосипедска патека) од с.Серменин до локалитет Св.Илија КО Серменин, општина Гевгелија.

Со барањето ја приложи следната документација:

1. Проектна програма со технички број 039/2024 - У од мај 2024год., изработена од ДТИ ,,ДОМИНГ ЈТД,, од Радовиш.
2. Графички приказ на Проектната програма со граница на плански опфат.
3. Услови за планирање на просторот со тех.бр.У17724 и Решение УП1-15 1003/24 од 22.05.2024г. издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Гевгелија со Решение број 08-1793/1 од 13.11.2023година, по разгледувањето на приложената документација со барањето, констатира дека истото е основано и Проектната програма може да се одобри. Истото го потврди со Предлог за одобрување број 11-340/2 од 28.05.2024година.

Градоначалникот на општина Гевгелија по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, се одобрува проектната програма и на истата се врши заверка.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Andon Saramandov
Digitally signed by Andon Saramandov
Date: 2024.05.29 08:54:18 +02'00'

ISO 9001:2015
Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Димитар Влахов 4, 1480 Гевгелија- Република Северна Македонија
Tel. ++389 34 213 843, ++389 34 611 353(centrala) ++389 34 216 899(Opstinski centar za uslugi) ++389 34 211 211(Kabinet)
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
gevgelijao@t.mk
www.gevgelija.gov.mk